Врз основа на член 23 од Статутот на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје, член 44, став 14 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/19 и Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основно образование со бр. 18-6573/1 од 06.07.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование со бр. 18-3228/1 од 22.02.2021 година, Собранието на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје, на седница одржана на ден 17.12.2022 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за начинот и критериумите за организирање и изведување на натпревари по географија во основното образование

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува начинот и поблиските критериуми за организирање и спроведување на натпреварите по географија за ученици во општинските основни училишта во Република Северна Македонија, на општинско, регионално и државно ниво, критериуми за организирање и учество на натпреварите, начинот на вреднување и наградување на учениците и менторите, начинот на доделување на дипломите, потврдите за учество и известувањето за учество на натпреварите.

Преку натпреварите за основното образование во Република Северна Македонија, учениците имаат можност да ги презентираат своите знаења и вештини по географија, застапени во наставните планови и програми за основно образование во Република Македонија и слободните активности кои произлегуваат од истите.

**Член 2**

Натпреварите по географија за учениците во основно образование се организираат на следните нивоа:

- Општински натпревар
- Регионален натпревар
- Државен натпревар

Кај општинските, регионалните и државниот натпревар, учениците се натпреваруваат во областа на теоретското знаење по пат на тестирање, согласно наставните планови и програми по географија за основно образование.

На натпреварите можат да учествуваат сите ученици од основните училишта во Република Северна Македонија, пријавени преку своите ментори и училишта.

Учениците се натпреваруваат на јазикот на кој ја следат наставата.

Здружението го известува Министерството за образование и наука најдоцна седум дена пред отпочнувањето на натпреварот по географија.

## ЦЕЛИ НА НАТПРЕВАРОТ

### Член 3

Натпреварите по географија се организираат за да се побуди особен интерес на учениците за географијата пред се како наставен предмет, но и како научна дисциплина.

Натпреварите имаат за цел:

• да иницираат поголем интерес за географијата кај учениците;

• да ги поттикнат учениците кон проширување и продлабочување на знаењата од областа на географијата;

• да ги вреднуваат и рангираат стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците;

• да го развијат натпреварувачкиот дух;

• да ги откријат надарените ученици по географија;

• да ја поттикнат соработката помеѓу учениците и менторите, како и меѓусебна размена на информации.

Задачи на натпреварите се: промоција на учениците, професионален развој на наставниците, размена на искуства и добри практики во училиштата, како и промовирање на општествената одговорност на компаниите кои ги поддржуваат натпреварите по географија на сите нивоа на натпреварување.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРИТЕ

### Член 4

Органи на натпреварите по географија се:

● Комисија за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија;

● Координатор за регионални натпревари по географија; (Регионален Координатор);

● Комисија за општински натпревари по географија (Општинска комисија);

● Комисија за регионални натпревари по географија; (Регионална комисија);

● Комисија за државни натпревари по географија; (Државна комисија);

**Член 5**

Комисијата за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија е тело на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје, е задолжена за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија за основните и средните училишта согласно Статутот, Правилникот, Календарот и други акти на здружението.

Комисијата за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија брои 7 члена.

Мандатот на членовите на Комисијата го верификува Извршниот одбор на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје и е со траење од 4 (четири) години со право за повторен избор.

Комисијата за организирање и реализирање на натпреварите по географија донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови.

Комисијата е задолжена за:

● Подготовка на акти и материјали за натпреварот;

● Изготвување на Календар на натпревари за период од 3 години;

● Организирање на натпреварите по географија за основните училишта;

● Изготвување на Програма и пропозиции на натпревари за период од 1 година;

● Формирање на Општински комисии;

● Формирање на Регионални комисии;

● Формирање на Државна комисија;

● Именување на Регионален координатор;

● Ги предлага темите на натпреварите;

● Одредува набљудувачи од редот на членовите на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје, или други лица од редот на наставници во училиштето каде што се изведува натпреварувањето.

● Други прашања поврзани со натпреварот по географија кои произлегуваат во текот на натпреварите.

**Член 6**

Темите за натпреварите по географија ги одобрува Државната комисија на седница на Извршниот одбор, на предлог на Комисијата за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија.

Темите се доставуваат до училиштата со точно утврдени учебници, издавач, и година на издавање на учебникот од кои што треба да се подготвуваат учениците за натпреварит, согласно наставните планови и програми.

Во услови на недостаток од учебници за одредено одделение, материјалите од кои што треба да се подготвуваат учениците за натпреварит, мора да бидат во согласно наставните планови и програми.

Темите се доставуваат до секое училиште, а се доставуваат на електронска адреса на училиштето, односно по електронски пат.

Програмата и пропозициите на натпреварите, се доставуваат до секое училиште, во исто време и на начин, како и темите за натпреварите.

Програмата и пропозициите задолжително го содржат: датумот, местото и времетраење на натпреварите.

**Член 7**

Координаторот на регионалните натпревари по географија го именува Комисијата за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија од редот на истакнати наставници, членови на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје.

Кординаторот треба да поседува комуникациски и организациони вештини.

**Член 8**

Координаторот за регионалните натпревари ги има следните задачи:

● Предлага членови во Комисија за општински и регионални натпревари по географија од редот на наставниците по географија за дадениот регион, а ги верификува Комисијата за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија во рамките на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје;

● Одговорен за подготовка на просторните услови за организирање на натправаротот;

● Контактира со претседателите на општинските комисии од неговиот регион;

● Го прима извештајот од Претседателите на општинските комисии;

● Ги прима тестовите испратени од Државната комисија и гарантира за нивната тајност;

● Контактира со Државната комисија, Регионалните и со Општинските комисии за организацијата на натпреварот;

● Контактира со Државната комисија, Регионалните и со Општинските комисии за организацијата на натпреварот;

● Други работи кои произлегуваат од Правилникот и Пропозициите и поврзани со натпреварот.

**Член 9**

Општинските натпревари ги организира Општинска комисија.

Општинскта комисија е формирана од страна на Комисија за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија во координација и на предлог на Регионалниот координатор.

Општинската комисија брои најмалку 3 члена.

Претседателот на општинската комисија го назначува Комисијата за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија во координација со Регионалниот координатор.

Повеќе општини со мал број на училишта (помалку од 3), може да имаат една заедничка комисија според регионалната припадност, доколку натпреварот се одвива на едно место.

Во општините каде наставата се изведува на повеќе наставни јазици, задолжително се делегира наставник по географија од соодветните јазични групи.

**Член 10**

Општинската комисија е задолжена за:

● Да се грижи за спроведување на начинот, постапката и критериумите за реализирање на општинскиот натпревар;

● Информирање на сите училишта за датумот и местото на натпреварот;

● Контактира со Државната комисија и Координаторот за регионалните натпревари;

● Ги објавува резултатите од натпреварот истиот ден на исто место на одржувањето на натпреварот.

● Доставува извештај до Регионалната и Државната комисија;

● Ги објавува резултатите од натпреварот истиот ден на местото на одржувањето на натпреварот.

● Одлучува по приговори од страна на учениците и менторите.

**Член 11**

Општинскиот натпревар се реализира во сите општини во Република Северна Македонија каде постојат основни училишта. На општинскиот натпревар учествуваат учениците од VI до IX одделение на основното образование.

Едно Основно училиште може да учествува со најмногу 3 (три) ученици, односно по најмногу 3 (три) ученици од VI, 3 (три) ученици од VII, 3 (три) ученици од VIII и 3 (три) ученици од IX одделение од едно училиште.

По завршување на општинските натпревари се изготвуваат единствени ранг - листи по општини и региони, за секое одделение посебно.

Општинските натпревари се спроведуваат во сите општини согласно територијалната поделба на Република Северна Македонија и во согласност со член 9, став 5.

| Ред. број | Општина | Место на одржување на натпреварот |
|---|---|---|
| 1. | Берово | ОСУ „Ацо Рускоски“ |
| 2. | Битола | СОУ „Јосип Броз-Тито“ |
| 3. | Богданци | ООУ „Петар Мусев“ |
| 4. | Боговиње | ООУ „Абдил Фрашери“ - Боговиње |
| 5. | Босилово | ОУ „Гоце Делчев“ - Босилово |
| 6. | Брвеница | ЦОУ „Гоце Делчев“ - Стенче |
| 7. | Валандово | ООУ „Јосип Броз Тито“ |
| 8. | Велес | ООУ „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ |
| 9. | Виница | СОУ „Ванчо Прке“ |
| 10. | Врапчиште | ОУ „Чеде Филиповски“ - Врапчиште |
| 11. | Гевгелија | ООУ „Крсте Мисирков“ |
| 12. | Гостивар | ОУ „Единство“ - Гостивар |
| 13. | Дебар | ООУ „ Братство Единство“ -Дебар |
| 14. | Делчево | ООУ „Св. Килемнт Охридски“ |
| 15. | Демир Хисар | СОУ „Крсте П.Мисирков“ |
| 16. | Долнени | ОУ „Пецо Даскалот“ - Долнени |
| 17. | Желино | О. У. “ Луиѓ Гуракуќи “ С. ЖЕЛИНО |
| 18. | Јегуновце | ОУ "Симче Настевски " - Вратница |
| 19. | Кавадарци | ООУ „Тошо Велков Пепето“ |
| 20. | Кичево | ООУ „Санде Штерјоски“ - Кичево |
| 21. | Кочани | ООУ „Страшо Пинџур“ |
| 22. | Крива Паланка | ООУ „Јоаким Крчовски“ |
| 23. | Кривогаштани | ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани |
| 24. | Крушево | СОУ „Наум Наумовски-Борче“ |
| 25. | Кратово | СОУ „Митко Пенџуклиски – Кратово“ |
| 26. | Куманово | ООУ „Браќа Рибар“ |
| 27. | Липково | ООУ "Дитуриа" - Липково |
| 28. | Маврово и Ростуше | ООУ Ѓорѓи Пулевски – Ростуше |
| 29. | Македонска Каменица | ОУ "Кирил и Методиј" |
| 30. | Македонски Брод | СОУ „Св. Наум Охридски“ |

| | | |
|---|---|---|
| **31.** | Могила | ОУ „Гоце Делчев“ - Могила |
| **32.** | Неготино | ОУ „Гоце Делчев“ - Неготино |
| **33.** | Ново Село | ОУ "Видое Подгорец" - Колешино |
| **34.** | Охрид | ООУ „Братство Единство“ |
| **35.** | Пласница | ООУ „Стив Наумов“ - Пласница |
| **36.** | Прилеп | ООУ „Кочо Рацин“ |
| **37.** | Пробиштип | ООУ „Кочо Рацин“ |
| **38.** | Радовиш | ООУ „Орце Николов“ |
| **39.** | Ресен | СОУ „Цар Самоил“ |
| **40.** | Старо Нагоричане | ОУ "Христијан Тодоровски Карпош" - Драгоманце |
| **41.** | Свети Николе | ООУ „Кирил и Методиј“ |
| **42.** | Струга | ООУ „Братство Единство“ |
| **43.** | Струмица | ООУ „ Сандо Масев“ |
| **44.** | Теарце | ОУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Теарце |
| **45.** | Тетово | ООУ „Годе Делчев“ |
| **46.** | Центар Жупа | ООУ „Кемал Ататурк“ |
| **47.** | Чашка | ОУ „Тодор Јанев“ - Чашка |
| **48.** | Штип | ООУ „Димитар Влахов“ |
| **49.** | Чучер Сандево | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **50.** | Аеродром | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **51.** | Бутел | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **52.** | Гази Баба | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **53.** | Ѓорче Петров | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **54.** | Карпош | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **55.** | Кисела Вода | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **56.** | Сарај | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **57.** | Центар | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **58.** | Чаир | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **59.** | Шуто Оризари | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **60.** | Студеничани | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **61.** | Арачиново | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **62.** | Петровец | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |
| **63.** | Илинден | Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје |

**Член 12**

Регионалните натпревари се одржуваат во 21 регион на територијата на целата држава, вклучувајќи го и градот Скопје кој се состои од 4 (четири) региони.

Регионалните натпревари по географија се одржуваат на ист ден во исто време во сите региони.

Градот Скопје претставува една целина и регионалните натпревари по географија за сите училишта од градот се одржуваат на едно место.

**Член 13**

На регионалниот натпревар учествуваат ученици со освоено прво, второ и трето место за секое одделение посебно на општинските натпревари (согласно критериумите во Правилникот и Пропозиците), обезбедуваат учество на регионалните натпревари.

Покрај ученици со освоено прво, второ и трето место на општинските натпревари (согласно критериумите во Правилникот и Пропозиците), на регионалните натпревари Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови на општинскиот натпревар, сите ученици го делат истото место.

На регионален натпревар можат да учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место од соодветната општина и сите кои имаат освоено над 85 бодови на натпреварот.

По завршување на регионалниот натпревар се изготвуваат единствени ранг - листи по региони, за секое одделение посебно.

Регионите и учесниците на натпреварите се дадени на следната листа:

| Р. Бр. | Регион | Општини |
|---|---|---|
| 1. | **Штипски регион** | Штип, Свети Николе, Пробиштип, Карбинци и Лозово |
| 2. | **Струмичко-Радивишки регион** | Струмица, Ново Село, Василево, Босилово, Радовиш, Конче |
| 3. | **Беровски регион** | Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица |
| 4. | **Кочанско-Винички регион** | Кочани, Зрновци, Виница, Чишиново-Облешево |
| 5. | **Кумановски регион** | Куманово, Нагоричане, Липково |
| 6. | **Кривопаланечки регион** | Крива Паланка, Ранковце, Кратово |
| 7. | **Гевгелиско-Валандовски регион** | Гевгелија, Валандово, Богданци, Дојран |
| 8. | **Велешки регион** | Велес, Градско, Чашка |
| 9. | **Тиквешки регион** | Кавадарци, Неготино, Росоман, Демир Капија |
| 10. | **Прилепски регион** | Прилеп, Долнени, Крушево, Македонски Брод, Кривогаштани |
| 11. | **Битолски регион** | Битола, Могила, Новаци, Демир Хисар |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | **Охридски регион** | Охрид, Ресен, Дебарца |
| 13. | **Струшки регион** | Струга, Вевчани |
| 14. | **Мавровско-Дебарски регион** | Дебар, Центар Жупа, Маврово-Ростуше |
| 15. | **Гостиварски регион** | Гостивар, Врапчиште |
| 16. | **Кичевски регион** | Кичево, Пласница |
| 17. | **Тетовски регион** | Тетово, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино |
| 18. | **Скопски регион 1.** | Арачиново, Гази Баба, Центар Илинден и Петровец |
| 19. | **Скопски регион 2.** | Ѓорче Петров , Карпош и Сарај |
| 20. | **Скопски регион 3.** | Чучер-Сандево, Чаир, Шуто Оризари и Бутел |
| 21. | **Скопски регион 4.** | Аеродром, Кисела Вода, Зелениково, Студеничани и Сопиште |

**Член 14**

Регионалната комисија ги има следните задачи:

● Ги организира спроведувањето на натпреварите;

● Го одредува начинот, критериумите и методите на прегледувањето на тестовите со задолжителна тајност на идентитетот на учениците;

● Ги објавува резултатите од натпреварот истиот ден на местото на одржувањето на натпреварот.

● Изготвува извештај за текот на натпреварот и го доставува до Државната комисија, најдоцна три дена по завршувањето на натпреварот;

● Изготвува ранг листа на учесниците на натпреварот;

● Ги разгледува и одлучува по приговори од страна на менторите или учениците.

Во општините каде наставата се изведува на повеќе наставни јазици, задолжително се делегира наставник по географија од соодветните јазични групи.

**Член 15**

На државниот натпревар учествуваа првопласираните ученици од VI, VII, VIII и IX_одделение од секој регион по одделение.

Покрај првопласираните (прво, второ и трето место), на државниот натпревар учествуваат сите ученици од соодветниот регион кои имаат освоено 85 и над 85 бодови на натпреварот.

Државниот натпревар го спроведува Државната комисија формирана од страна на Комисијата за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија.

Државната комисија брои три члена со задолжително присуство на член од Бирото за развој на образованието на Република Македонија.

По изборот, членовите на државната комисија присуствуваат на состаноците на Комисија за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија.

Членовите на државната комисија даваат свои мислења, предлози и сугестии со право на глас.

**Член 16**

Државната комисија ги има следните задачи:

● Го одредува местото на организирање на државниот натпревар.

● Го одредува начинот, критериумите и методите на прегледувањето на тестовите со задолжителна тајност на идентитетот на учениците;

● Ги разгледува приговорите поднесени од страна на учениците и менторите и истиот ден одлучува по истите;

● Го известува подносителот на приговорот за донесената одлука;

● Изработува ранг листа за секое одделение посебно;

● Ги прогласува учениците кои освоиле прво, второ и трето место на државниот натпревар за секое одделение посебно;

● Ги објавува резултатите од натпреварот истиот ден на исто место на одржувањето на натпреварот и на интернет страната на здружението;

● Изготвува извештај за текот на натпреварите и го доставува до Комисијата за организирање и реализирање на натпреварите по географија.

**Член 17**

Натпреварите може да се реализираат по електронски пат во вонредни услови и на соодветна платформа.

Натпреварите може да се реализираат по електронски пат и според проценката и одлуката на организаторот.

Кога натпреварите се реализираат по електронски пат, Државната комисија ги презема ингеренциите за реализирање на сите нивоа на натпреварување.

## ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ

### Член 18

Право на натпреварување имаат сите редовни ученици од основното образование кои го изучуваат предметот географија.

На општинските натпревари им предходат училишни натпревари кои се во согласност со годишната програма за работа на училиштето и се во надлежност на наставниците по географија.

На сите нивоа на натпреварување, ученици ги пријавува и придружува менторот или друго возрасно лице назначено од менторот или училиштето.

Растојанието помеѓу два натпревари не смее да биде пократко од 10 дена.

Здружението го известува Министерството за образование и наука најдоцна седум дена пред отпочнувањето на натпреварот по географија.

### Член 19

Темите за натпреварите се доставуваат најмалку 3 месеци пред датумот на општинскиот натпреварот.

Натпреварите се одвиваат по пат на тестирање.

Тестирањето на сите нивоа на натпревари трае 60 минути.

Тестовите ги подготвува Комисијата за организирање и реализирање на натпреварите по географија и го одредува начинот на бодирање.

Тестовите на знаење содржат прашања од наставниот план и програма по географија од соодветното одделение.

Тестовите на знаење се на јазикот на кој ученикот ја следи наставата.

Секое прашање носи бода според тежинските нивоа на знаење.

На секое ниво на натпревар може да се освојат максимум 100 бода.

Тестовите на знаење се кодирани.

Во предвиденото време комисите на сите нивоа се должни да му овозможат непрекинато и непречено тестирање на натпреварувачот.

### Член 20

Прегледување на тестовите на општинскиот и регионалниот натпревар се врши по клуч од страна на комисии за прегледување на тестовите.

Членовите на комисијата за прегледување на тестовите ги одредуваат општинските, односно регионалните комисии и државната комисија на предлог на регионалниот координатор.

Прегледување на тестовите на државниот натпревар може да се врши и по електронски пат, со примена на современ софтверски програм и платформа.

Софтверската подршка е во надлежност на високообразовната институција УТМС - Институт за национална географија, со која Здружението има потпишано Договор за соработка.

Тестовите на знаење на државниот натпревар се кодирани.

**Член 21**

За секое наредно ниво на натпревар, се определуваат ученици врз основа на постигнатите резултати на ранг листата од предходното ниво, согласно критериумите за рангирање.

Рангирањето на сите нивоа на натпревари се врши врз основа на постигнатиот број на бодови на ученикот за секое одделение посебно.

Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови на општинскиот натпревар, сите ученици го делат истото место.

На општинскиот и регионалниот натпревар можат да учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место од соодветната општина за секое одделение посебно (согласно критериумите во Правилникот и Пропозиците) и сите кои имаат освоено 85 и над 85 бодови на натпреварот.

Доколку од општината нема ученик со 85 и над 85 бода, прво пласираниот од соодветната општина, се приклучува кон учениците кои се пласирани за регионалниот натпревар, но не помалку од 65% од максимално предвидените бодови на општинскиот натпревар.

Доколку од регионот нема ученик со и над 85 бода, прво пласираниот од соодветниот регион, се приклучува кон учениците кои се пласирани за државен натпревар, но не помалку од 70% од максимално предвидените бодови на регионалниот натпревар.

Резултатите од натпреварувањето се јавни и се објавуваат по завршување на натпреварот.

Незадоволните ученици или менторот имаат право на приговор до општинската или регионалната комисија согласно нивото на натпреварот, најдоцна 90 минути по објавувањето на резултатите.

Комисијата е должна иститот ден да ги разгледа приговорите и за тоа да го извести подносителот.

Резултатите од одговорот по приговорот се конечни.

Конечната ранг листа се составува откако ќе се разгледаат сите приговори, а потоа се објавува на огласната табла во училиштето и на официјалната страна на здружението, истиот ден на денот на одржување на натпреварот.

**Член 22**

На државен натпревар учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место на регионалниот натпревар за секое одделение посебно (согласно критериумите во Правилникот и Пропозиците) и сите кои имаат освоено над 85 бодови на натпреварот.

Доколку од регионот нема ученик со и над 85 бода, прво пласираниот од соодветниот регион се приклучува кон учениците кои се пласирани за државен натпревар, но не помалку од 70% од максимално предвидените бодови на државниот натпреварот.

Кај државниот натпревар, учениците се натпреваруваат во областа на теоретското знаење по пат на тестирање.

Резултатите од натпреварувањето се објавуваат по завршување на натпреварот.

Незадоволните ученици или менторот имаат право на приговор до државната комисија согласно нивото на натпреварот, најдоцна 90 минути по објавувањето на резултатите.

Во комисијата која го разгледува приговорот, задолжително учествува советник од Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија.

Комисијата е должна иститот ден да ги разгледа приговорите и за тоа да го извести подносителот;

Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови, за прво место на натпревар на државно ниво, се прогласува ученик кој има освоено најмногу бодови со собирање на бодовите од регионалниот и државниот натпревар за секое одделение посебно.

Покрај собирањето на бодовите, организаторот може да даде и дополнителен тест на првопласираните ученици со освоено ист број на бодови за одредување на прво, второ или трето место на државно ниво.

Конечната ранг листа се составува откако ќе се разгледаат сите приговори, а потоа се објавува на огласната табла во училиштето или местото каде се реализирал натпреварот и на официјалната страна на здружението, истиот ден на денот на одржување на натпреварот.

Резултатите од одговорот по приговорот се конечни.

## ВРЕДНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И НАГРАДИ

**Член 23**

Надлежност за вреднување и наградување на резултатите од општинскиот натпревар има општинската комисија.

На општинските натпревари, Дипломи добиваат ученици со освоени прво, второ и трето место за секое одделение посебно.

Сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место, продолжуваат на следното ниво на натпреварување, како и во согласност со член 21 од овој Правилник.

Останатите ученици добиваат Уверение за учество на општински натпревар.

Менторите добиваат Уверение за учество на натпреварите и Пофалница за освоено место.

**Член 24**

Надлежност за вреднување и наградување на резултатите од регионалниот натпревар има регионалната комисија.

На регионалните натпревари Дипломи добиваат сите ученици со освоени прво, второ и трето место за секое одделение посебно.

Сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место, продолжуваат на следното ниво на натпреварување и во согласност со член 21 овој Правилник.

Останатите ученици добиваат Уверение за учество на регионален натпревар.

Менторите добиваат Уверение за учество на натпреварите и Пофалница за освоено место.

**Член 25**

Надлежност за вреднување и наградување на резултатите од државниот натпревар има државната комисија.

На државниот натпревар Дипломи добиваат сите ученици со освоени прво, второ и трето место за секое одделение посебно.

Останатите учесници добиваат Уверение за учество на државен натпревар.

Менторите добиваат Уверение за учество и Пофалница за освоено место на државниот натпревар.

**Член 26**

Учениците и менторите добиваат и награда за освоено прво, второ и трето место на државниот натпревар за секое одделение посебно.

Надлежност за наградување на резултатите од државниот натпревар има Комисија за подготовка, организирање и реализирање на натпреварите по географија на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје.

Наградите се обезбедуваат по пат на спонзорство и донации од  физички и правни лица.

**Член 27**

По предлог на Државната комисија, Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје, може да додели Признанија на заслужни физички и правни лица кој придонеле за подобра организација на натпреварите по географија.

**Член 28**

Признанијата, пофалниците, уверенијата и дипломите ги потпишува Претседателот на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје.

Наградите, пофалниците, дипломите, уверенијата и признанијата на учениците и менторите, како и  заслужни физички и правни лица, се објавуваат јавно на интернет страната на здружението: www.geograf.mk.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАТПРЕВАРИТЕ

**Член 29**

Државната комисија во рок од 5 дена од завршувањето на натпреварот изготвува извештај за сите нивоа на натпреварите по географија и истиот го доставува до Комисија за организирање и реализирање на натпреварите по географија.

**Член 30**

Комисијата за организирање на натпреварите по географија е должна 5 дена од примањето на извештајот, односно 10 дена од завршувањето на натпреварот да го одобри и да го достави до Извршниот одбор на Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје.

**Член 31**

Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје, 15 дена од завршувањето на државниот натпревар, доставува извештај до Комисијата за акредитација на здруженија на наставници, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија.

**Член 32**

Извештајот ги содржи следните податоци:

- Назив на натпреварот по географија за учениците од основното образование,
- Организаторот: Здружението на професори по географија на Македонија „ПРОФ: Д-Р ЉУБЕ  МИЛЕНКОВСКИ“– Скопје,

- Место и време на одржување,
- Целосен табеларен приказ на учесници кои учествувале на натпреварот,
- Целосен табеларен приказ на на наградени ученици, нивни ментори (име и презиме на ученикот/менторот, одделение/паралелка, освоено место, назив и место на училиштето во кое учи ученикот),
- Наградени ученици (табеларен приказ-име и презиме на ученикот/менторот, одделение/паралелка, освоено место, назив и место на училиштето во кое учи ученикот),
- Осврт за текот на натпреварите,
- Анализа за слаби и јаки страни на натпреварот,
- Препораки за надминување на слабите страни на натпреварите и
- Дополнителниот критериум за прогласување на прво место на натпреварот на државно ниво (согласно член 21 став 8).

Конечната ранг листа се доставува до сите основни училишта.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 33**

Овој Правилник влегува на сила истиот ден од неговото донесување, а ќе се применува по добивање на акредитација од Комисијата за акредитација на здруженија на наставници на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

**Здружението на професори по географија на Македонија**

**„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф д-р Аце Миленковски**